КИРСМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-444/4
13.11 2025 год.-viti

Врз основа на член 78 в.в со член 79 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр.72/15, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 266-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 13.11.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Се усвојува

СТАВ

Согласно член 74 од Законот за извршување, Комората на извршители на РСМ објавува известување во„Службен весник на Република Северна Македонија'' со кое се известуваат граѓаните дека доверителите кои биле странки во предметите кои се воделе во канцеларијата на извршителот на кого му престанала должноста е именуван нов извршител, односно извршител кој ги превзема предметите по член 74 од Законот за извршување.

Доверителот кој што не сака извршувањето на неговиот предмет да го продолжи новоименуваниот извршител, може да го повлече барањето за извршување и да го довери на друг извршител, во рок од 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" за именувањето на новиот извршител.

Рокот за доверителите за поднесување на барањата тече од денот на објава на известувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Новоименуваниот извршител кој примил барање од доверител во законскиот рок ќе ги предаде предметите на извршителот што го посочил доверителот откако тој ќе ги прими предметите на извршителот чија должност престанала.''

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Потпретседател,
Методија Костадинов

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com